КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-180-22/1
26.02.2025 год.
СКОПЈЕ

**МИСЛЕЊЕ**
**на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје**
**кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2024 година**

Годишниот извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2024 година вклучува податоци за условите во кои Банката ја остваруваше својата активност, остварување на билансот на Банката, остварените финансиски резултати, управувањето со ризици, усогласеноста со супервизорските стандарди и Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза, финансиските активности, работењето на органите на Банката, развојот на информатичката технологија, активностите на внатрешната ревизија, корпоративната општествена одговорност и останатите деловни активности на Банката.

Годишниот извештај дава комплетна слика за работењето на Банката во 2024 година и за остварените финансиски резултати. Преку деталната презентација во дваесет и две глави од Извештајот, дадени се податоци за банкарските активности, остварувањата во текот на 2024 година, состојбата на извештајниот датум, оствареното пазарно учество и др.

Од Годишниот извештај може да се констатира значителен пораст на билансната актива за 2024 година. Банката работеше во услови на сè уште нагласени ризици од надворешното окружување и особено зголемени геополитички тензии, побавно намалување на инфлацијата, што резултираше со повнимателно релаксирање на монетарните политики на ФЕД и ЕЦБ, како и намалената економска активност на главните трговски партнери на државата. И покрај тоа, домашната економија забележа одредена стабилизација во однос на кризните периоди кои претходеа, што придонесе за поттикнување на инвестицискиот циклус во реалниот сектор, во чија поддршка Банката учествуваше преку зголемен обем на кредитирање. Дополнително, високата ликвидност со која располага Банката беше искористена за прудентно димензионирање на структурата на активата и пласирање средства во инструменти со помал ризик, но со задоволителни приноси.

Во Извештајот на систематизиран начин е презентирано остварувањето на одделните банкарски активности кои придонесуваат за успешно работење, подобро и квалитетно управување со Банката, почитување и усогласеност со целокупната законска регулатива.

Согласно Законот за трговски друштва, како и Правилникот за котација на Македонската берза, во Годишниот извештај се презентирани сите информации пропишани со наведената регулатива и Извештајот за Корпоративно управување во Комерцијална банка АД Скопје е составен дел на Годишниот извештај за работењето на Комерцијална банка АД Скопје во 2024 година. Исто така, согласно усвоената Политика за одржливост на Комерцијална банка АД Скопје, во Извештајот во посебен дел се презентирани и активностите на Банката поврзани со заштитата на животната средина, општествените прашања и доброто корпоративно управување.

Според нашето мислење, Годишниот извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2024 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА БАНКАТА**

**Александра Максимовска Стојкова**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03